# 59. СТОЈАН И ЦАНКА СЕ ЉУБЕЈА

Крај: Тиквеш, Клиново
Пеел: Ѓорѓи Колев
Роден: Клиново, 1927 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 214/2
Снимена: Глишиќ, Тиквеш
23 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 19.05. 1964 г.




1. Стојан и Цанка се љубеја
во Коловото градинче;

2. во Коловото градинче,
на Коловото чешмиче.

3. Нада си зеде стомните
и си јотиде за вода;

4. чекала Нада, чекала,
нема го Кољо да дојде;

5. три пати петли пејеле,
ето го Кољо кај иде.

6. Кољо на Нада думаше:
— Либе ле Наде, либе ле,

7. јазе се Наде посвршив
за твојта верна другарка;

8. за твојта верна другарка,
за твојта првна душманка.

9. Нада си зеде стомните
и си отиде до дома.

10. Нада на мајка думаше:
— Ја дај ми мамо ножето,

11. ја дај ми мамо ножето
да си пресечам јаб'лко.

12. Нада ја мајка излага,
па и го даде ножето;

13. не си пресече јаб'лко,
туку се Нада јубоде;

14. туку се Нада јубоде,
в левата страна срцето.

15. Отишла мајка да види:
— Што стори Наде, направи;

16. што стори Наде, направи,
зошто ме сама остави?

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978